ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Покана за Работилница на тема „Планирање на ревизијата и идентификување на ризици“**

Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) согласно Годишната програма за Континуирано професионално усовршување за 2018 година, организира работилница на тема „Планирање на ревизијата и идентификување на ризици“ каде што преку обработка на студија на случај ќе бидат вклучени следните области:

- Прелиминарни активности на ангажманот;
- Разбирање на ентитетот и неговото опкружување;
- Контроли на ниво на ентитет;
- Измами во ревизија на финансиски извештаи;
- Материјалност во планирање на ревизијата.

Работилницата ќе се одржи на 15 и 16 октомври 2018 година, од 09.00 до 17.00 часот, во Скопје. За точната локација ќе бидете дополнително известени. Надоместокот за присуство на работилницата изнесува 6.000,00 денари по учесник за два дена.

Цел на работилницата. Спроведување на обука за практична примена на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР) која што ќе им помогне на ревизорите во мали и средни друштва за ревизија и кај овластени ревизори - трговци поединци да развијат ревизорски алатки што ќе ги применуваат во праксата за документирање на спроведувањето на прелиминарните ревизорски постапки, планирање на ревизијата и идентификувањето на ризиците во ревизијата.

Целна група на слушатели. Ревизори вработени во мали и средни ревизорски друштва и кај овластени ревизори - трговци поединци, кои што имаат одредено искуство во ревизијата, во група од максимално 25 лица.

Предавачи. Гоце Христов, Ненад Ранѓеловиќ и Тијана Наумовска, овластени ревизори, членови на ИОРРМ.

Признаени часови за КПУ. На овластени ревизори кои ќе присуствуваат на работилницата ќе им бидат признаени 16 часа КПУ за 2018 година.

Рокот за пријавување на присуство е 02.10.2018 година на е-пошта contact@iorrm.org.mk.

Напомена. Работилницата ќе се одржи само доколку има доволен број на пријавени слушатели.

Со почит,
**Борислав Атанасовски**
**Претседател на ИОРРМ**

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ИОРРМ
СКОПЈЕ

Ул. 11 Октомври бр. 52А/1-3, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел: 02 3227 599 Факс: 02 3296 349 web: http://www.iorrm.org.mk